Врз основа на член 37 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник na RM„ br.5/02 и „Службен весник на РСМ„ бр. 202/24), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 05.02.2026 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе

Осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **12.02.2026 година (четврток)** со почеток во **15:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата се предлага следниот

## Д н е в е н р е д

-Усвојување на Записник од седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 29. 01. 2026 година:

**Точка 1**
Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2026 година;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2026 година:

**Точка 3**
Предлог – Одлука за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година:

**Точка 4**
Предлог- Одлука за усвојување на Наративен и финансиски Извештај на ОУ Народен Музеј – Свети Николе за 2025 година:

**Точка 5**
Предлог - Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2026 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за отпочнување на активностите за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службенициво ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе;

**Точка 8**

Предлог – Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2026-2027 година во зимски услови;

**Точка 9**

Предлог – Програма за контрола, заштита и благосостојба на животни – третман на бездомни животни, односно нерегистрирани и регистрирани, затекнати на јавни површини на територијата на општина Свети Николе за 2025 година;

**Точка 10**

Предлог - План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Свети Николе за 2026 година;

**Точка 11**

Предлог - Општински Енергетски план за 2026 година;

**Точка 12**

Квартален Извештај за извршување на буџетот на општина Свети Николе за извештајниот период (кумулативно) за четврти квартал во период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;

**Точка 13**

Квартален Извештај за достасани ненамирени обврски – збирен за четврти квартал на општина Свети Николе за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;

**Точка 14**

Квартален Извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;

**Точка 15**

Извештај за реализација на општина Свети Николе за четврт квартал за 2025 година;

**Точка 16**

Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувањата и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12. 2025 година;

**Точка 17**

Барање финансиска помош од лицето Е.З.

Бр.0801- 143
05.02.2026 година
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Оливера Арсов с.р.